Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх.бр УП1-11/1- 1539/2021
Дата 20 -10- 2021

Врз основа на член 23 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр 67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16) и член 6, а во врска со член 4 став 1 точка 1 и 2 од Правилникот за издавање дозвола за собирање на растенија, габи и животни и нивни делови („Сл.весник на РМ" бр.102/09) Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го разгледа барањето на БАЛКАН ШАМПИ ДООЕЛ од Демир Хисар со бр.УП1-11/1-1539 од 14.10.2021 година, за издавање дозвола за собирање габи и по извршената оценка на внесените податоци во истото го дава следното

**Мислење**
**за исполнети услови за собирање на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи и животни и нивни делови**

БАЛКАН ШАМПИ ДООЕЛ од Демир Хисар во барањето уредно има наведено податоци во согласност со член 4 став 1 точка 1 и 2 за користење технички средства при собирањето на габите на начин што нема да се уништуваат примероците, мицелиумот и стаништата, нема да се собира мицелиумот на габите, како и млади плодни тела, ниту стари плодни тела богати со спори, стари и болни примероци. Собирањето на габите ќе го вршат обучени собирачи.
БАЛКАН ШАМПИ ДООЕЛ од Демир Хисар ќе врши контрола над собирањето, откупот и транспортот на габите, како и анализа на ризици и критични точки во делот на пакувањето, преработката, складирањето и дистрибуцијата на свежи и преработени габи и уредно ќе ги евидентира собраните количини габи од одредени региони, ќе ги следи состојбите со статусот на одобрените видови самоникни габи за собирање.

Врз основа на наведеното Управата за животна средина дава позитивно мислење за издавање дозвола за собирање габи од видовите: обичен вргањ, лисичарка, рујница ,

жолто еже, црна труба, самовилско каранфилче, ѓурѓевка, јајчарка, боров вргањ, обична смрча, чешка смрча од регионите: Демир Хисар, Кичево, Охрид, Струга, Дебар, Ресен, Мариово, Прилеп, Македонски Брод, Берово, Крива Паланка, Гевгелија, Струмица, Радовиш, Богомила, Велес, Делчево, Пробиштип, Гостивар.

Управа за животна средина / Drejtoria për mjedis
в.д. Директор / u.d. Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Александар Јаневски
Даниела Камчева

Контролирал/Kontrolloi: м-р Влатко Трпески